Бр./Nr 12-351/5
28.05.2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-3261/1 од 31.12.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што предметните наводи не се потврдуваат.

Предметот со број 12-3261/1 од 31.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-3261/1 од 31.12.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Пријавата е дополнета, по електронски пат на 22.01.2025 година и на 03.02.2025 година. Наводите се однесуваат на сомнежи за незаконски донесена програма за урбанистичко планирање за 2025 година од страна на ///.

Со цел испитување на состојбите за предметниот случај, ДКСК се обрати до Државниот инспекторат за локална самоуправа на РСМ од каде побара испитување на предметните наводи со вонреден инспекциски надзор. Од страна на претходно споменатиот орган до ДКСК е доставен одговор според кој горе означениот акт на /// е донесен во согласност со прописите кои го уредуваат работењето на локалната самоуправа на РСМ и при тоа не се констатирани

неправилности, пропусти и недостатоци. Предметот е доставен на разгледување до финансиската инспекција во јавниот сектор. Следствено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: З. Б., член